Република Македонија
Влада на Република Македонија

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008
SGS

03- 884/1 02 01.12 2017

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-7758/1
28.11.2017 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

ДО КАБИЕНТОТ НА ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ, Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ

С К О П Ј Е

# И З В А Д О К

**од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година**

„ТОЧКА 38: Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештај за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција.

2. Го усвои Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија.

3. Се задолжува Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да формира работна група, со цел да ги следи активностите за Бернската Конвенција и да ги подготвува извештаите кон Конвенцијата, со претставници од следните институции: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, а по потреба и во зависност од случајот: Акционерско друштво Електрани на Македонија, Јавна установа Национален парк Маврово, Општина Маврово и Ростуша, Јавна установа Национален парк Галичица, Општина Охрид, Општина Струга и Министерство за култура, најдоцна во рок од осум дена по усвојувањето на оваа информација.

4. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи и Министерството за култура да достават номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација.

5. Се препорачува на Акционерското друштво Електрани на Македонија, Јавната установа Национален парк Маврово, Општина Маврово и Ростуша, Јавната установа Национален парк Галичица, Општина Охрид и Општина Струга, да доставата номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација.

6. Се задолжуваат Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија во рок од една недела

да номинираат свои претставници како координатори на активностите поврзани со Бернската Конвенција ."

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија
-Министерството за животна средина и просторно планирање
-Министерството за економија
-Министерството за надворешни работи
-Министерство за култура
-Акционерско друштво Електрани на Македонија
-Јавна установа Национален парк Маврово
-Општина Маврово и Ростуша
-Јавна установа Национален парк Галичица
-Општина Охрид
-Општина Струга

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Снежана М.Пендовски/Љубица Р.Димовска
Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска